**Република Македонија**
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Генерален секретаријат**

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/16 и 164/17), Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ

**за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавниот повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите, објавен на 21 декември 2017 година, во дневните весници Нова Македонија и Коха и на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (10.1.2018 година) пристигнати се пријави за 52 кандидати, а пријавата на Здружението Сочувај лекувај Асоцијација на пациенти со заболување на црниот дроб Прилеп е пристигната по истекот на рокот, на 11.1.2018 година.

Пријавите на: Здружение на професионалци и консултанти Подготвеност за Европа 2020 Скопје, Здружение за заштита и грижа на културно наследство Хериатег - Скопје, Здружение на граѓани Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје и Установа Центар за современи уметности Скопје не се разгледуваа, бидејќи организациите предложија кандидат за член на Советот во повеќе од една област.

Здружението за перспективна интеграција и развој Рома перспектив Прилеп и Здружението Републичко синдикално здружување за земјоделски спас-Новаци не го исполнуваат условот да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на Јавниот повик.

Здружението за заштита и едукација на деца и млади Роми-Прогрес Скопје, Здружението на лица со телесен инвалидитет на Тетово и Гостивар-Мобилност Тетово и Гостивар, Здружението Наим Фрашери Куманово-Липково, Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака Дебар, Меѓуопштинското здружение на телесни инвалиди на општините Велес, Градско и Чашка-Мобилност Велес и Планинарското и еколошко друштво Гороцвет на Јабланица с.Подгорци Струга, кон пријавата немаа доставено придружна документација. Поради некомплетна

документација при административната проверка не можеше да се утврди дали организациите и кандидатите ги исполнуваат условите од Јавниот повик.

Не е комплетна документацијата на: Здружение за анализи, истражувања и развој Зелена лупа Скопје и Здружение на граѓани Бивиум Штип (немаат доставено извештај за работа за последните 3 години), Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија Скопје (нема доставено извештај за работа во последните 3 години и во Статутот нема утврдено дејности во областа Развој на граѓанскиот сектор за која предлага кандидат), Здружение Асоцијација за демократска иницијатива Гостивар (нема доставено завршна сметка и извештај за работа за последните 3 години), Здружение на пензионери Надеж-Центар Скопје (нема доставено извештај за работа за последните 3 години, биографија и мотивациско писмо на кандидатот), Здружение на фестивалска уметност Фестивал карневал Кавадарци (нема доставено извештај за работа за последните 3 години и мотивациско писмо на кандидатот) и Унија за култура на Власите од Македонија Скопје (нема доставено завршна сметка).

При административната проверка на пријавите се утврди дека пријавите на следните здруженија и фондации ги исполнуваат условите од Јавниот повик: Организација на жени на Општина Битола – Битола, Центар за економски анализи Скопје, Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина Еко-свест Скопје, Здружение Рурална коалиција Куманово, Црвен крст на Република Македонија - Црвен крст на Град Скопје, Национален младински совет на Македонија Скопје, Друштво на физичарите на Република Македонија Скопје, Кризен центар Надеж Скопје, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје, Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп, ретки болести и посебни потреби Дајте ни крилја Скопје, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Здружение за развој Центар за управување со промени Скопје, Здружение на граѓани за култура и уметност Ан-блок Скопје, Македонија 2025 Огранок во Република Македонија, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Здружение на граѓани за заштита, зачувување и развивање на темелните вредности на човекот, околината, природата со акцент на холистички пристап Хуман свет Скопје, Здружение на граѓани за истражувања анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии-Скопје, Македонско научно друштво Битола, Асоцијација за развојни иницијативи-Зенит Скопје, Здружение на граѓани Центар за развој на земјоделие Еко продукт Тетово, Фондација Отворено општество-Македонија Скопје, Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон Скопје, Коалиција на младински организации Сега Прилеп, Здружение на новинарите на Македонија Скопје, Здружение ЕУ Свера Прилеп, Тутунско градинарско здружение Ориентал с.Пашино Рувци, Кривогаштани, Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија Скопје, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт, Скопје, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје.

## II. ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ
**за избор на членови на Советот за соработка со и равој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите**

Се повикуваат сите активни организации регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, да го дадат својот глас **само за еден кандидат, во областа што е идентична со областа на дејствување на организацијата,** согласно нејзиниот статут.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на **Образец за гласање**, достапен на следниот линк www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само еден кандидат од следната **Листа на кандидати.**

| **Број** | **Име и презиме на кандидатот** | **Име на здружението / фондацијата што предлага кандидат** | **Биографија и Мотивациско писмо** |
|---|---|---|---|
| **1. Развој на граѓанскиот сектор** | | | |
| 37-35/1 | Фани Каранфилова Пановска | Фондација Отворено општество-Македонија Скопје | Погледни тука |
| **2. Демократија и владеење на правото** | | | |
| 37-19/1 | Неда Малеска Сачмароска | Здружение за развој Центар за управување со промени Скопје | Погледни тука |
| 37-22/1 | Сабина Факиќ | Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје | Погледни тука |
| 37-33/1 | Александар Николов | Асоцијација за развојни иницијативи-Зенит Скопје | Погледни тука |
| **3. Промоција и заштита на човековите права и антидискриминација** | | | |
| 37-18/1 | Уранија Пировска | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | Погледни тука |
| 37-24/1 | Вања Михајлова | Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје | Погледни тука |
| **4. Економски и одржлив развој** | | | |
| 37-8/1 | Марјан Николов | Центар за економски анализи Скопје | Погледни тука |
| 37-21/1 | Билјана Марковиќ Стаменова | Македонија 2025 Огранок во Република Македонија | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 37-28/1 | Жаклина Димовска | Здружение на граѓани за заштита, зачувување и развивање на темелните вредности на човекот, околината, природата со акцент на холистички пристап Хуман свет Скопје | Погледни тука |
| **5. Наука, образование и доживотно учење** | | | |
| 37-14/1 | Боце Митревски | Друштво на физичарите на Република Македонија Скопје | Погледни тука |
| 37-30/1 | Мимоза Богданоска Јовановска | Македонско научно друштво Битола | Погледни тука |
| **6. Млади** | | | |
| 37-13/1 | Блажен Малески | Национален младински совет на Македонија Скопје | Погледни тука |
| 37-42/1 | Зоран Илиески | Коалиција на младински организации Сега Прилеп | Погледни тука |
| **7. Социјална заштита и заштита на деца** | | | |
| 37-15/1 | Соња Плоча | Кризен центар Надеж Скопје | Погледни тука |
| 37-27/1 | Марио Јанчев | Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје | Погледни тука |
| **8. Заштита на маргинализираните лица** | | | |
| 37-12 /1 | Александра Валкановска | Црвен крст на Република Македонија - Црвен крст на Град Скопје | Погледни тука |
| 37-16/1 | Јасна Мандиќ | Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје | Погледни тука |
| 37-17/1 | Ребека Јанковска Ристески | Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп, ретки болести и посебни потреби Дајте ни крилја Скопје | Погледни тука |
| **9. Родова еднаквост** | | | |
| 37-25/1 | Ирена Цветковиќ | Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје | Погледни тука |
| **10. Заштита на здравјето** | | | |
| 37-26/1 | Елизабета Божиноска | Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје | Погледни тука |
| 37-37/1 | Душко Ѓоргиев | Здружение на бубрежно болни граѓани Нефрон Скопје | Погледни тука |
| 37-45/1 и 37-47/1 | Даниела Ристиќ | Здружение ЕУ Свера Прилеп и Тутунско градинарско здружение Ориентал с.Пашино Рувци, Кривогаштани | Погледни тука |
| **11. Земјоделство и рурален развој** | | | |
| 37-11/1 | Лилјана Јоноски | Здружение Рурална коалиција Куманово | Погледни тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 37-34/1 | Несим Велиу | Здружение на граѓани Центар за развој на земјоделие Еко продукт Тетово | Погледни тука |
| **12. Култура** | | | |
| 37-2/1-17 | Светлана Папачек | Организација на жени на Општина Битола - Битола | Погледни тука |
| 37-20/1 | Поликсена Илиоска | Здружение на граѓани за култура и уметност Ан – блок Скопје | Погледни тука |
| 37-51/1 | Јане Чаловски | Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје | Погледни тука |
| **13. Медиуми и информатичко општество** | | | |
| 37-44/1 | Бесим Небиу | Здружение на новинарите на Македонија Скопје | Погледни тука |
| **14. Заштита на животната средина** | | | |
| 37-9/1 | Ана Чоловиќ Лешоска | Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина Еко – свест Скопје | Погледни тука |
| 37-46/1 | Зоран Димов | Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија Скопје | Погледни тука |
| **15. Спорт** | | | |
| 37-48/1 | Силвија Митевска | Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт, Скопје | Погледни тука |
| **16. ЕУ интеграции и политики** | | | |
| 37-29/1 | Андреја Стојковски | Здружение на граѓани за истражувања анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии-Скопје | Погледни тука |

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се **активни** согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кои гласале во област на дејствување што не е предвидена во нивниот статут.

**Рокот за гласање е до 6 февруари 2018 година**.

Пополнетиот **образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат,** со копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се доставаат преку пошта, на адреса:

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. "Илинден" бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидат за член во Советот".

или **скенирани** да се доставаат по електронски пат на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за секоја од областите на дејствување.

Доколку за некоја од областите на дејствување не се пријават кандидати или ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува пропишаните услови, повторно ќе биде распишан јавен повик за избор на член на Советот од редот на здруженијата и фондациите, само за таа област на дејствување.

Во случај кога има два или повеќе прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори само во таа област најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.

Прашања за појаснување може да се поставуваат по електронски пат на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.